**ОПШТИНА ОХРИД**

# Јавен повик за прибирање на предлог идеи-проекти од областа на еднаквите можности на жените и мажите

Општина Охрид како транспарентна општина, со цел подигнување на свесноста за родова еднаквост и социјална инклузија преку реализација на квалитетни програмски активности од областа на родовата сензитивност со кои ќе се добие позитивен фитбек и бенифит за жените жители на град Охрид како дел од ова современо општество, објавува:

**Јавен повик за прибирање на предлог идеи-проекти од областа на еднаквите можности на жените и мажите**

## 1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик е прибирање на предлог идеи-проекти од областа на еднаквите можности на жените и мажите со кои ќе се намалат родовите стереотипи и предрасуди кои постојат во општеството преку стимулирање на активности кои ќе бидат спроведени од жени.

Области за кои може да се да се аплицира на овој повик:

1. унапредување на здравјето на жените и мажите;

2. едукација на младата женска популација;

3. превенција и советување за спречување на семејното насилство или насилство во врска;

4. надминување на родови стереотипи преку зголемено учество на жените во образованието, културата, политиката, спортот, уметноста, сообраќајот, претприемништвото, угостителство и туризам, медиумите, земјоделството;

5. инклузија на маргинализирани категории на жени во општеството;

6. заедничко и одговорно родителство и по развод;

7. влијанието на социјалните мрежи врз семејните заедници и

8. еткетирање на разведената жена во општеството.

Финансирањето на избраните предлог идеи-пеоекти ќе се врши преку Програмата за еднакви можности на жените и мажите на општина Охрид за 2025 година.

Распределбата на буџетските средства од горенаведената програма ќе се врши на фер, праведен, ефикасен и одговорен начин.

Временската рамка за спроведување на проектите е до крајот на фискалната година, односно до 20.03.2025 година.

Апликантите чии предлог идеи ќе бидат одобрени за финансирање по завршување на активностите имаат обврска до општината да достават наративен и финансиски извештај како доказ за наменско трошење на доделените финансиски средства.

Апликантите кои нема да го достават извештајот наведен во претходниот пасус нема да имаат право да аплицираат со предлог проект на овој вид на повик во наредните години.

## 2. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Целта на јавниот повик е да се разбуди креативниот потенцијал на жените и да се согледа нивната перцепција за женски активизам односно да се поттикнат да придонесат за намалување на социјално-економските диспаритети кои постојат во општеството.

## 3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавниот повик имаат **здруженија на граѓани регистрирани на подрачјето на општина Охрид** каде како застапник се јавува жена, како и **физички лица(жени),** жители на општина Охрид.

Право на учество на јавниот повик немаат здруженија на граѓани регистрирани на подрачјето на општина Охрид како и физички лица(жени), жители на општина Охрид кои имаат добиено финансиски средства од општината, по претходно објавени повици за чија реализација се обезбедени средства во тековната 2025 година.

## 4. ЕВАЛУАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА НА АПЛИКАНТИТЕ

Евалуацијата на предлог идеите кои до крајниот рок за поднесување ги доставиле апликантите ќе ја врши стручна комисија формирана од страна на Градоначалникот.

Евидентниот лист на одобрени предлог проекти ќе биде објавен на општинската веб страна.

Со апликантите чии предлог проекти ќе бидат одобрени за финансирање ќе бидат склучени договори согласно законската регулатива.

## 5.НАЧИН И РОК НА ДОСТАВА НА АПЛИКАЦИИТЕ

Предлог идејата, планот на активности и нејзината финансиска конструкција, апликантот ја образложува во апликацијата составен дел на овој

јавен повик. Во прилог на апликацијата може да се доставаат материјали како дополнително образложение на поднесената предлог идеја.

Покрај апликацијата уредно пополнета и потпишана од застапникот на здружението/физичкото лице апликант и заверена со печат (доколку е правно лице), апликантот задолжително треба да ги достави следниве прилози:

- Фотокопија од решението за регистрација на здружението(се однесува само за здруженијата како апликанти);
- Фотокопија од лична карта(се однесува за физички лица како апликанти);
- Потврда за активна трансакциска сметка издадена од деловна банка(не постара од 3 месеци);
- Изјава за користење на лични податоци и
- Изјава за двојно финансирање.

Апликантите можат да учествуваат само со една предлог идеја.

Пријавите со прилог документите, апликантите треба да ги пакуваат во затворен плик. На обвивката не е дозволено пишување имиња на апликанти или било какви ознаки.

Пример за адресирање на плик:

**„ НЕ ОТВОРАЈ“**




**До Општина Охрид**
**ул. Димитар Влахов бр.57**
**(За учество на јавен повик за прибирање на предлог идеи-проекти од областа на родовата еднаквост )**

Заинтересираните апликанти своите предлог идеи треба да ги достават по пошта или лично во Архивата на Општина Охрид ул. Димитар Влахов бр.57, 6000 Охрид најдоцна до ....03.2025 година, 14 часот.

Апликациите кои ќе пристигнат после крајниот рок наведен во овој повик нема да бидат предмет на разгледување.

Дополнителни информации во врска со овој повик може да се добијат кај администртивните службеници Весна Јованоска, тел.за контакт 075/244-421 и Магдалена Стојаноска, тел.за контакт: 071/561-203.

**Комисија за спроведување на јавниот повик**